Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2002 година.

Бр. 07-195/1
16 јануари 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96 и 80/99), во членот 122 став (6) по точката а) се додава нова точка б), која гласи:

"б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со законот,"

Точките б), в), г) и д) стануваат точки в), г), д) и ѓ).

Член 2

Во членот 122 став 13 по зборот "движење" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и телефонските импулси и други средства за пренос на глас, слика или текст на далечина или компјутерски услуги".

Член 3

Во членот 205 по став (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) Обидот за делото од став 1 на овој член за пренесување на неизлечлива заразна болест е казнив.

(5) Тој којшто ќе ја загрози сигурноста на друг со лажна закана за пренесување или со ширење на невистинити тврдења за постоење на неизлечлива заразна болест ќе се казни со парична казна или затвор до шест месеца."

Досегашниот став (4) станува став (6).

Член 4

Насловот на членот и членот 251 се менуваат и гласат:

**"Неовластено навлегување во компјутерскиот систем**

Член 251

(1) Тој којшто неовластено ќе внесе измени, ќе искористи или уништи податоци или ќе внесе компјутерски вирус или на друг начин ќе навлезе во компјутерскиот систем со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна или друга корист, или ќе предизвика имотна или друга штета ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(2) Ако со делото од став 1 на овој член е прибавена поголема имотна корист или предизвикана поголема имотна штета сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Обидот за делото од став 1 на овој член е казнив.

(4) Тој којшто неовластено произведува, продава или на друг начин пушта во промет средства наменети за влез во компјутерскиот систем ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Гонењето се презема по предлог."

Член 5

По членот 418 се додава нов член 418-а, кој гласи:

**"Трговија со луѓе**

Член 418-а

(1) Тој којшто со сила, сериозни закани или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба и состојба на немоќ на друг, или со давање или примање пари или друга корист поради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или слугување, ропство или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Тој којшто врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа деца или малолетни лица заради експлоатација од став 1 на овој член ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Тој којшто организира вршење на делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Тој којшто ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Тој којшто користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги од лица за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(6) Ако делото од став (5) на овој член е сторено со дете или малолетно лице сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години."

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".